Лекција 7

# Алатки за проверка на факти и верификација

*Време за подготовка:* ***30'*** *Време за предавање:* ***1 x 60'***

## Апстрактно

Во денешната дигитална ера, мисинформациите и дезинформациите брзо се шират. Затоа е клучно да се има способност за критичка анализа и верификација на информации, особено за новинари, едукатори и секојдневни медиумски корисници. Оваа лекција ќе се фокусира на алатки и техники за ефективна проверка и верификација на факти, како и на вообичаени грешки што треба да се избегнуваат. Учесниците ќе стекнат практично искуство во користење ресурси за проверка на тврдења, слики, видеа и извори, со што ќе се поттикне информирано и одговорно медиумско однесување.

## Онлајн образовни ресурси

- ***Лекција*** *за алатки за проверка на факти и верификација од онлајн курсот „Разликување на факти од измислици“ на Moodle*
- ***Квиз*** *за алатки за проверка на факти и верификација од онлајн курсот „Разликување на факти од измислици“ на Moodle*

## Клучни зборови

*Проверка на факти,*
*Алатки за верификација,*
*Медиумска писменост,*
*Дезинформации,*
*Мисинформации*

## Цел на лекцијата

Целта на оваа лекција е да ги оспособи учесниците со вештини и знаења за користење на алатки за проверка на факти и верификација, примена на критички техники за оценување на извори и препознавање на вообичаени грешки во процесот на верификација на информации.

## Резултат на лекцијата

До крајот на лекцијата, учесниците ќе развијат критичко разбирање за важноста на проверката на факти и нејзината улога во борбата против мисинформации. Тие ќе се запознаат со клучни алатки и техники за проверка на факти, што ќе им овозможи ефективно да верификуваат вести, слики, видеа и други форми на медиуми. Дополнително, ќе научат како да ја проценат кредибилноста на изворите, да ги препознаат и избегнат вообичаените замки како што се пристрасноста на потврдување и погрешното толкување на сатира, и ќе ги применат овие вештини за да станат повнимателни и поодговорни медиумски потрошувачи.

## Процес на имплементација на лекцијата

*мин. 1 - 5: Вовед*

- **Дискусија:** Прашајте ги учесниците за нивните искуства со мисинформации и како постапуваат кога ќе наидат на сомнителни информации – дали и како ги проверуваат.
- **Презентација на темата:** Кусо објаснете ја важноста на проверката на факти и ризиците што произлегуваат од мисинформации и дезинформации.
- **Дефинирање на клучни поими:** Воведете ги концептите како што се проверка на факти, дезинформации и мисинформации.

*мин. 6 – 15: Преглед на алатки за проверка на факти*

- **Презентација на листа со алатки:** Претставете алатки како Google Fact Check Explorer, Snopes, PolitiFact, FactCheck.org, TinEye и InVID. Дајте краток преглед за секоја алатка и демонстрирајте како се користи преку примери.
- **Групна дискусија:** Поттикнете ги учесниците да споделат кои алатки им се најкорисни и зошто.

*мин. 16 – 30: Активност 2 – Техники за верификација на информации*

- **Вкрстена проверка на извори:** Прикажете како да се вкрстуваат тврдења со кредибилни извори. Користете пример, како здравствено тврдење или вест, и демонстрирајте како да се консултираат доверливи веб-страници (на пр. СЗО – WHO, PubMed).
- **Обратно пребарување на слики и метаподатоци:** Покажете им на учесниците како да користат Google Reverse Image Search и други алатки како FotoForensics за проверка на автентичноста на слики.
- **Проценка на пристрасност на извор:** Накратко демонстрирајте како се проверува пристрасноста на извор со користење на алатки како Media Bias/Fact Check

*мин. 31 – 50: Активност 3 – Идентификација на вообичаени замки*

- **Презентација на вообичаени замки:** Дискутирајте за потврдувачка пристрасност, преголема зависност од еден извор, погрешно толкување на сатира и игнорирање на контекстот.
- **Интерактивна дискусија:** Дадете примери за секоја од овие замки и прашајте ги учесниците како би реагирале или постапиле во секое сценарио.

*мин. 51 – 60: Заклучок и прашања и одговори*

- **Повторување на главните точки:** Резимирајте ги алатките, техниките и замките што беа дискутирани.
- **Сесија за прашања и одговори:** Овозможете им на учесниците да поставаат прашања или да споделат размислувања за лекцијата..

## Материјали / Алатки

Видео проектор, компјутер или паметен телефон, интернет конекција, Google Fact Check Explorer, Snopes, PolitiFact, FactCheck.org, TinEye, печатени материјали за резиме и примери, Prezi или PowerPoint презентација.